Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на 18.10.2023 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 и 2 и член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата за утврдување на начелен став, поднесена од страна на Славко Ѓорѓески од Гостивар, го усвои следниот:

## З А К Л У Ч О К

**Иницијативата поднесена од Славко Ѓорѓески од Гостивар, заведена под УПП.бр.46/23 од 12.09.2023 година, со предлог Општата седница да утврди начелен став, СЕ ОТФРЛА, бидејќи не е поднесена од овластен субјект, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите.**

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Сл.весник на РМ“ бр.58/06 ... бр.96/19), Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 18.10.2023 година расправаше по Иницијативата на Славко Ѓорѓески од Гостивар, заведена под УПП.бр.46/23 од 12.09.2023 година, за утврдување на начелен став, поради различна судска пракса.

Според наводите во Иницијативата постои невоедначена судска пракса, затоа што во предметот 7 РО-1492/22 во кој адвокатот на подносителот ја платил судската такса за тужба се постапува за разлика од предметот VI РО-1825/22, каде во иста ситуација на платена судска такса за тужба од адвокат на подносителот, Основниот граѓански суд донел решение VI РО-1825/22 од 06.05.2022 година, со кое тужбата на подносителот се смета за повлечена, а Апелациониот суд Скопје со решение РОЖ-1196/22 од 08.03.2023 година, првостепеното решение го потврдил и жалбата на подносителот ја одбил како неоснована.

Во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, е определено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството во примена на законите, во рок од 3 месеци, но не подолго од 6 месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијативи на седници на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија постапувајќи по Иницијативата донесе Заклучок истата да се отфрли, бидејќи не е поднесена од овластен субјект, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на 18.10.2023 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 и 2, член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Барањето за утврдување на начелен правно мислење, поднесено од Адвокат Михаил Давидовски од Скопје, го усвои следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Иницијативата поднесена од адвокат Михаил Давидовски од Скопје, заведена под Су-03.бр.533/23 од 07.09.2023 година, за утврдување начелно правно мислење, поради немање различна судска пракса **НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 37 став1 точка 1 од Законот за судовите, Адвокат Михаил Давидовски, на 07.09.2023 година до Врховен суд на РСМ поднел иницијатива, заведена под Су-03 Бр.533/2023 година, со предлог Општата седница да утврди начелен правно мислење по правното прашање: Дали судската такса уплатена од страна на физичко/правно лице, без наведување во чие име и за чија сметка се врши уплатата на судската такса, односно без наведување на таксениот обврзник, се смета за судска такса уредно намирена во согласност со Закон за судските такси или така уплатената судска такса претставува неуреден налог за судска такса намирен спротивно со Законот за судските такси, односно во овој случај се смета дека од страна на тужителот-таксен обврзник, судската такса не е воопшто намирена и тужбата треба да се смета за повлечена, а во корелација на одредбата од член 3 став 1 и член 6 став 1 од Законот за судски такси в.в. одредбата од член 146 став 2 и 3 од Законот за парничната постапка.

Во иницијативата подносителот укажува на контрадикторно постапување на ист суд – Основен граѓански суд Скопје, суд со иста стварна и месна надлежност во конкретни постапки, во постапки со иста фактичка состојба во однос на уплатата на судска такса за тужба, односно начинот на нејзината уплата – доплата е недозволиво, од причина што со уважување на налозите за уплата на судската такса во постапката П1-463/22, како правно валидна и уплатена во согласност со закон, а донесување на решение во постапката РО-272/22, со кое за идентично извршена уплата на судска такса за тужба, истоимената тужба се

смета за повлечена, говори за фактот дека од страна на ист суд во две идентични ситуации се постапува со различен пристап, на начин што тужителот Емилија Џангаловска во постапката РО-272/22 во однос на тужителот Влатко Стаменков во постапката П1-463/22, се става во подредена и дискриминаторска позиција и воедно и се нанесува штета со донесување на решението РО-272/22 од 10.02.2022 година, а притоа со ваквото постапување од страна на судот во постапката П1-463/22 се воспоставува невоедначена судска пракса за конкретната правна работа и нееднаков третман на сите странки пред истоимениот суд согласно начелото на правично судење. Како донесеното решение РО-272/22 од 10.02.2022 година на Основен граѓански суд Скопје, правосилно на ден 07.03.2022 година, би било оправдано донесено и законито, за кое донесено решение сметаме дека е донесено во рамките на Законот за судските такси и Законот за парничната постапка, па од тие причини подносителот ја поднесува оваа Иницијатива за да Врховниот суд на РСМ по одржување на Општа седница би донел Начелно правно мислење (сентенца), кое би било правно-обврзувачка за судовите во прв степен од стварна и месна надлежност во однос на примената на Законот за судските такси и начинот на уплата на судската такса укажува дека пред Основен граѓански суд Скопје е покрената парнична постапка по тужба на тужител Влатко Стаменков со живеалиште во град Сиетл, држава Вашингтон – САД, преку полномошник адвокат Томе Тодоровски од Свети Николе, против тужената Марија Давидовска од Скопје, застапувана во постапката преку полномошник Михаил Давидовски, адвокат од Скопје, основ – утврдување право на сопственост, последно утврдена вредност на спор 1.300.000,00 денари.

Во прилог на иницијативата од страна на подносителот не е доставена различна судска пракса од која би произлегувала различна примена и неконзистентност во примената на Законот за судски такси, единствено е доставена одлука во конкретниот спор во кој подносителот на иницијативата е полномошник на тужениот во постапката и не се доставени други одлуки од кои би произлегла потребата за донесување начелно правно мислење, ниту пак е доставена различна судска пракса од која би произлегувала различна примена на материјалното право, односно доставена е само одлуката во конкретниот спор во кој подносителот е полномошник на тужениот во постапката.

Од горенаведените причини Општата седница најде дека не произлегува потребата од донесување на начелно правно мислење.

**Општа седница на Врховниот суд**

**на Република Северна Македонија**

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општа седница одржана на ден 18.10.2023 година, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 63 став 1 од Деловникот на Врховен суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за донесување на правно мислење, поднесена од адвокат од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, заведена под СУ-03.бр.543/23 од 13.07.2023 година, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

Иницијативата за донесување на правно мислење, поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје од 13.07.2023 година , НЕ СЕ УСВОЈУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите,(„Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, на ден 18.10.2023 година расправаше по барањето за донесување на правно мислење поднесено од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, заведено под СУ-03.бр.543/23 од 13.07.2023 година.

Во иницијативата се предлага Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе правно мислење дека “Пред одлучување за поведување на претходна постапка по поднесените Иницијативи за оценување на уставност и законитост до Уставниот суд, Уставниот суд задолжително ги испраќа до Секретаријатот за законодавство на Влада“. Подносителот образложува дека ова е потребно затоа што при одлучување по Иницијативата У.бр.16/23, истата не била испратена за мислење до Секретаријатот на Владата на РМ и во рок од неколку дена од нејзино поднесување беше закажана расправа на која расправа се одлучи да не се прифати иницијативата, а дека обврската за прибавување известувања во врска со поднесените Иницијативи е пропишана во членот 18 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на РМ, каде стручниот службеник е должен при добивање на иницијативата да ги прибави сите известувања и податоци кои се потребни при поведување постапка. Понатаму подносителот образложува дека Уставниот суд имал пракса сите иницијативи да ги доставува до Секретаријат на Влада како тело кое беше должно да закаже седница на Влада и да ги даде потребните податоци и известувања и мислење за поднесената иницијатива, па по добивање на ваквите податоци се закажуваше седница за преиспитување на уставност и законитост. Но дека оваа пракса е променета и сега веќе иницијативите не се препраќаат до телото кое е должно да даде известување и податоци за иницијативата, туку директно се одлучува.

Од увидот во поднесеното барање може да се констатира дека подносителот нема поставено правно прашање за кое не постои нееднинствена примена на законите во судскиот систем и по кое треба да се постапува.

Исто така подносителот на барањето нема доставено други судски одлуки од кои може да се утврди дека станува збор за неединствена примена на законите во судскиот систем.

Согласно член 3 став 3 од Законот за судовите, целите на судската власт опфаќаат меѓу другото - обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ.

Во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите е определено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Согласно член 101 од Уставот на РСМ „Врховниот суд на Република Северна Македонија е највисок суд во Републиката и го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите."

Согласно со член 108 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на РСМ е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста.

Согласно член 1 став 1 од Законот за судовите („Сл.весник на РМ" бр.83/18 од 08.05.2018), судската власт ја вршат судовите во Република Северна Македонија.

Согласно член 22 од Законот за судовите („Сл.весник на РМ" бр.83/18 од 08.05.2018),во судскиот систем судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Во смисла на цитираната законска одредба Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, постапувајќи по наведената иницијатива, оцени дека во конкретниот случај не произлегува потреба да се утврди правно мислење бидејќи нема невоедначена примена на законот во судскиот систем, бидејќи судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија, поради што донесе Заклучок со кој иницијативата не се усвојува.

Врховен суд
на Република Северна Македонија
Општа седница

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на 18.10.2023 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 63 став 1 и 2 и член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата за утврдување начелен правен став и начелно правно мислење, од адвокат Ангел Шоптрајанов и адвокат Никола Шоптрајанов, двајцата од Скопје, го усвои следниот:

## З А К Л У Ч О К

**Иницијативата поднесена од адвокат Ангел Шоптрајанов и адвокат Никола Шоптрајанов, двајцата од Скопје, со барање Општата седница да утврди начелен правен став и начелно правно мислење во врска со член 128 став 1 в.в. со став 3 од Законот за работни односи, НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 37 став1 точка 1 од Законот за судовите, адвокат Ангел Шоптрајанов и адвокат Никола Шоптрајанов, двајцата од Скопје, поднесоа барање до Врховниот суд на РСМ заведено под Су-03.бр.597/23 од 12.09.2023 година, со предлог Општата седница да утврди начелен правен став и начелно правно мислење во врска со тоа дали треба да биде исполнет еден или двата предвидени услови во член 128 став 1 в.в. со став 3 од Законот за работни односи, за да работникот оствари право на надоместок – трошоци за храна за ноќна работа, посочувајќи дека постои невоедначена судска пракса по ова правно прашање меѓу судечките совети на Апелациониот суд Штип согласно приложените второстепени пресуди РОЖ-62/23 од 16.03.2023 година и РОЖ-63/23 од 16.02.2023 година.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија утврди дека судечките совети на Апелациониот суд Штип во донесените одлуки РОЖ-62/23 и РОЖ-63/23 се надополнуваат по однос на тоа дека треба да биде исполнет еден од предвидените услови во член 128 став 1 в.в. со став 3 од Законот за работни односи, за да работникот оствари право на наведениот надоместок – трошоци за храна за ноќна работа. Од содржината на барањето на подносителите произлегува дека од Врховниот суд на РСМ се бара толкување на законската одредба содржана во член 128 став 1 в.в. со став 3 од Законот за работни односи, која гласи:

„Работникот кој работи ноќе барем три часа од својата дневна редовна работна обврска односно работникот кој одработува ноќе третина од полното работно време од својата годишна работна обврска, има право на посебна заштита за ноќна работа".

Согласно став 3 од истиот член, работодавачот на негов трошок е должен на работниците кои работат ноќно време да им обезбеди:

1) подолг одмор;
2) соодветна храна.

Согласно член 37 став 1 од Законот за судовите, наведените субјекти во одредбата на овој член како овластени подносители на барањето да се утврди начелен правен став и начелно правно мислење, таквото барање треба да го потврдат со соодветни судски одлуки од кои произлегува дека е нарушено единството во примена на законот. Во овој случај судечките совети на Апелациониот суд Штип со донесување на горе посочените пресуди не го нарушиле единството во примена на член 128 став 1 в.в. со став 3 од Законот за работни односи.

Од горенаведените причини, Општата седница најде дека не се исполнети законските услови за утврдување начелен правен став и начелно правно мислење.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на 18.10.2023 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 и 2 и член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата за утврдување начелно правно мислење, од Адвокатско друштво „Поленак“ од Скопје, го усвои следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**Иницијативата поднесена од Адвокатско друштво „Поленак“ од Скопје, со барање Општата седница да утврди начелно правно мислење, НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 37 став1 точка 1 од Законот за судовите, Адвокатско друштво „Поленак“ од Скопје, поднесе барање до Врховниот суд на РСМ заведено под Су-03.бр.598/23 од 12.09.2023 година, со предлог Општата седница да утврди начелно правно мислење поради правна несигурност која произлегува од противречност и недоследност на пресудите на Врховниот суд на РСМ Рев1.бр.14/2022 од 17.02.2022 година и Рев1.бр.192/22 од 25.01.2023 година.

Основ за поднесеното барање од подносителот е одбиено тужбено барање на тужителот „Раде Кончар – Заеднички дејности“ ДОО Скопје, против тужените „Раде Кончар – Сервис за поправки на електрични производи“ ДОО Скопје и „Раде Кончар – Трансформатори и електрични постројки“ ТЕП ДООЕЛ Скопје, за долг, со пресуда на Основен граѓански суд 52ТС-247/18 од 12.07.2019 година, која е потврдена во жалбена постапка со пресуда на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-533/20 од 27.09.2021 година, а со пресуда на Врховниот суд на РСМ Рев1.бр.14/2022 од 17.02.2022 година, ревизијата е одбиена како неоснована. Се посочува дека причина за одбивање на тужбеното барање е тоа што тужителот не доставил доказ за сопственост на основните средства, вклучително и спорната трафостаница за кои бара надомест за одржување и користење, додека во спорот кој правосилно завршил со донесена пресуда на Врховниот суд на РСМ Рев1.бр.192/22 од 25.01.2023 година, со која делумно е усвоено тужбеното барање за надомест на штета на тужителот во тој спор против сега подносителот е одлучено на наведениот начин и покрај тоа што е утврден поинаков факт, имено дека подносителот е сопственик на спорната трафостаница.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија утврди дека судечките совети на Врховниот суд на РСМ во донесените одлуки Рев1.бр.14/22 и Рев1.бр.192/22 не се контрадикторни, затоа што во пресудата Рев1.бр.14/22 од 17.02.2022 година е одбиено тужбеното барање на тужителот за паричен надомест за користење на негови основни средства од тужените, трошоци за одржување и поправка на спорната трафостаница и трошоци за портирски работници поради

неисполнети услови од член 208 од Законот за облигационите односи, тужителот да бара надомест за користа што ја имал од тужените од употреба на ствар во негова сопственост, поради недокажано својство на носител на правото на сопственост, додека во пресудата Рев1.бр.192/22 не е изразено поинакво мислење дека тужителот во спорот кој правосилно завршил со донесена пресуда Рев1.бр.14/22 е носител на право на сопственост врз спорните ствари, туку основ за делумно усвојување на тужбеното барање спрема истиот субјект кој во предметот Рев1.бр.192/22 има својство на тужен, а кое се однесува за надомест на штета е утврденото дека предизвикал штета со свесно и намерно пропуштање да преземе дејствија на санирање на дефект на спорната трафостаница, намерно одолговлекувајќи ја постапката за отстранување на нејзиниот дефект со намера да изнуди потпишување на договор за нејзино користење и одржување со променети услови, а заради што тужителот во таа постапка за санирање на штетните последици врз неговите машини имал парични издатоци и освен материјална штета претрпел штета и по основ на изгубена добивка од неисполнување на договорени деловни обврски. Оттаму, оваа пресуда е донесена со примена на одредбите од член 141 став 1, член 142, член 145 и член 178 од Законот за облигационите односи, односно со примена на соодветни законски одредби во врска со поставеното тужбено барање и не е контрадикторна со пресудата Рев1.бр.14/22 во која основ за одбивање на тужбеното барање е непоткрепеност на истото поради недокажано својство на стекнато право на сопственост врз спорната трафостаница во смисла на член 148 од Законот за сопственост и други стварни права, како законски услов кој треба да биде исполнет согласно член 208 од Законот за облигациони односи, за да се бара надомест на корист од употреба на ствар во сопственост на подносителот на барањето.

Согласно член 37 став 1 од Законот за судовите, наведените субјекти во одредбата на овој член како овластени подносители на барањето да се утврди начелен правен став и начелно правно мислење, таквото барање треба да го потврдат со соодветни судски одлуки од кои произлегува дека е нарушено единството во примена на законот.

Во овој случај судечките совети на Врховниот суд на РСМ со донесување на горе посочените пресуди не го нарушиле единството во примена на законот, затоа што примениле различни законски одредби согласно правните основи на тужбените барања во двата спора.

Во Иницијативата не се наведува во врска со кое правно прашање Врховниот суд на РСМ треба да утврди начелно правно мислење.

Од горенаведените причини, Општата седница најде дека не се исполнети законските услови за утврдување начелно правно мислење.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**